#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Коала | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 5 до 10-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Прецизност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 10 минути | 20-25  минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развие фината моторика. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето прецизно ги координира движењата на дланката и прстите. | |
| **Насоки** | |
| <u>**Претходна подготовка за активност**</u><br>Подготовка на колаж хартија и шема за изработка на коала.<br><br><u>**Инструкции/насоки за играта**</u><br>- Обоениот дел од кафената колаж хартија превиткајте го на половината дијагонално;<br>- превиткајте еден од горните агли надолу како што е прикажано на примерот (прилог бр. 2);<br>- сега превиткајте ја другата страна надолу;<br>- започнете да ги формирате ушите на вашата коала со превиткување нагоре на еден по друг агол, како што е прикажано;<br>- сега превиткајте го и другиот дел нанадвор;<br>- подвиткајте ги ушите со преклопување на краевите;<br>- обликувајте ја главата со преклопување на горниот агол надолу на вашиот модел додека не се израмни со ушите;<br>- обликувајте ја главата со вртење на долниот дел од едната страна, како што е прикажано; | |

- потоа, превиткајте ја другата страна за да се формира брадата;
- превртете го моделот од другата страна и додадете ги очите и носот (може да се нацртаат или да се исечат од црна колаж хартија).

**<u>Активност/игра</u>**

Додека се гледа видеото од врската во прилогот, со децата се разговара за коалата како заштитен вид на животно во Австралија. Потоа детето има задача да изработи Коала според дадените инструкции, но доколку му е потребно помош можете заедно да ја изработите.

Откако ќе се изработи коалата, на детето можете да му предложите да смисли една приказна или драмска игра.

**Прилози**

<u>Прилог бр. 1</u>

Линк до видео од изработка




<u>Прилог бр. 2</u>

Шема за оригами коала

**Материјали**

- Колаж хартија; фломастери/боици.

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска

Превод: Агим Лека

# Оригами КОАЛА



Оваа многу симпатична коала е едноставен модел за самостојна изработка.
Можете да направите коала од колаж хартија: користете кафена колаж хартија за да исечете стебло од дрво и зелена хартија за да исечете лисја на еукалиптус. Залепете ги овие делови на сина колаж хартија.

1



Обоениот дел од кафената колаж хартија превиткај го на половината дијагонално.

2



Превиткај еден од горните агли надолу, како што е прикажано на примерот.

3



Сега превиткај ја другата страна надолу.

4



Започни да ги формираш ушите на твојата коала со превиткување на едното по еден агол нагоре, како што е прикажано.

5



Сега превиткај го и другиот дел надвор.

# Оригами КОАЛА страна 2

**6**



Подвиткај ги ушите со преклопување на краевите.

**7**



Обликувај ја главата со преклопување на горниот агол на твојот модел надолу, додека не се израмни со ушите.

**8**



Обликувај ја главата со вртење на долниот дел од едната страна, како што е прикажано на сликата.

**9**



Потоа превиткај ја другата страна за да се формира брадата.

**10**



Преврти го моделот од другата страна и додади ги очите и носот (може да ги нацрташ или исечеш од црна колаж хартија).

